**20131513594**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1-б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013 и 91/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2013 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија" бр.33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012 и 159/2012), во член 14 став 1 зборовите „100,00 денари" се заменуваат со зборовите „10,00 денари".

Член 2

Во член 21 став 2 алинеја 1 бројот 36 се заменува со бројот 24.

Во член 21 став 3 алинеја 3 бројот 36 се заменува со бројот 24.

Член 3

Во член 38 став 1 алинеја 1 бројот 12 се заменува со бројот 6.

Во член 38 став 1 алинеја 2 бројот 12 се заменува со бројот 9.

Член 4

Во член 42 зборовите „и 5"  се бришат, а бројот 24 се заменува со бројот 12.

Член 5

Во член 49 се додава нов став 2 кој гласи:

„Осигуреното лице пред поставување на прва трајна очна протеза од став 1 на овој член има право на привремена очна протеза до оформување на очната празнина."

Член 6

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, за ортопедските помагала вид 1, шифра 1101, 1102, 1103, 1104, 1104, 1105, 1106, 1107, 1108, 1109, 1110, 1201, 1202, 1203, 1204, 1205, 1206, 1301, 1302, 1303, 1304, 1305, 1306, 1307, 1308, 1309, 1310, 1311, 1312, 1313, 1401, 1402, 1403, 1404, 1501, 1502, 1503,  и 1504 во колоната „рок на употреба во месеци според возраста над 18 до 65 години" бројот 36 се заменува со бројот 24.

Член 7

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедското помагало вид 1, шифра 1606 Миоелектронска протеза во колоната „рок на употреба во месеци според возраста над 7  години" бројот 36 се заменува со бројот 24.

Член 8

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедските помагала вид 1, шифра 2101, 2102, 2103, 2104, 2105, 2301, 2302, 2303, 2304, 2305 и 2306 во колоната „партиципација “ бројот 100 се заменува со бројот 10.

Член 9

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедските помагала вид 1, шифра 2304 и 2404 во колоната „начин на производство “ се додаваат зборовите „Сериски со прилагодување“ .

Член 10

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедското помагало вид 1, шифра 2609 Надколена корективна лонгета за корекција на контрактури во колено и скочен зглоб во колоната „Помагалото го препишува“ се додава зборот „Хирург “ .

Член 11

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедските помагала вид 1, шифра 4101, 4102, 4103, 4104, 4105, 4106, 4107, 4108, 4109, 4110, 4111 и 4112 во колоната „рок на употреба во месеци според возраста до 7 години“ бројот 12 се заменува со бројот 6, додека во колоната „рок на употреба во месеци според возраста над 7 години“ бројот 12 се заменува со бројот 9.

Член 12

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедското помагало вид 1, шифра 7404 Појас за еднострана препонска кила во колоната „медицински индикации “ зборовите „Умбиликална хернија (К42.0-К42.9)“ се заменуваат со зборовите „Ингвинална хернија (К40.0-К40.9)“.

Член 13

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедското помагало вид 1, шифра 7501 Вештачка дојка во колоната „рок на употреба во месеци според возраста“ бројот 24 се заменува со бројот 12.

Член 14

Во Списокот на ортопедски и други помагала за ортопедското помагало вид 1 шифра 81031 Ендотрахеална канила – метална се заменува со шифра 81032.

Член 15

Во Списокот на ортопедски и други помагала по помагалото од вид 2, шифра 5104 Очна протеза- орбитална се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервн и делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 2 | 5104 | Очна протеза-привремена | Член 49 | Офталмолог | Една до поставување на прва трајна протеза | | | | 10% | | | 2.916,00 | индиви дуално | Q11 Анофталмус |

Член 16

Во шифрарникот на ортопедски помагала по помагалото вид 2 шифра 5103 Очна протеза- орбитална се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 2 | 5104 | Очна протеза-привремена |

Член 17

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-9769/5
18 јули 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Митевски,** с.р.